**20191301882**

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ

Врз основа на член 128 став 1 алинеја 6 од Законот за полиција („Службен весник на Република Македонија“ бр. 114/06, 6/09, 145/12, 41/14, 33/15, 31/16, 106/16, 120/16, 21/18 и 64/18), министерот за внатрешни работи донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА СОДРЖИНАТА И НАЧИНОТ НА ВОДЕЊЕ НА ЕВИДЕНЦИИТЕ НА ПОЛИЦИЈАТА И ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА ОБРАЗЕЦОТ НА ЕВИДЕНЦИИТЕ НА ПОЛИЦИЈАТА

Член 1

Во Правилникот за содржината и начинот на водење на евиденциите на Полицијата и формата и содржината на образецот на евиденциите на Полицијата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 160/13 и 56/14), во целиот текст зборовите: „Република Македонија“ се заменуваат со зборовите: „Република Северна Македонија“.

Член 2

Во член 30 алинеите 5 и 6 се менуваат и гласат:

„- евиденција на издадени мандатни платни налози за сторен сообраќаен прекршок;

- евиденција на издадени прекршочни платни налози за сторен сообраќаен прекршок“.

Член 3

Во членот 35 ставот (1) се менува и гласи:

„(1) Во евиденцијата за издадени мандатни платни налози за сторен сообраќаен прекршок содржани се податоците од ставот (5) на овој член.“

Ставот (5) се менува и гласи:

„(5) Во образецот од ставот (4) на овој член, се запишуваат следниве податоци: во рубриката 1 „Реден број“ се запишува редниот број на уписот; во рубриката 2 „Датум на издавање на мандатниот платен налог“ се запишува денот, месецот, годината и часот на издавањето на мандатниот платен налог; во рубриката 3 „ Презиме и име и организациска единица на полицискиот службеник кој го издал мандатниот платен налог“ се запишува презимето и името на полицискиот службеник кој го издал мандатниот платен налог и називот на организациската единица во која е вработен полицискиот службеник; во рубриката 4 „Сериски број на издаден мандатен платен налог“ се запишува серискиот број на издадениот мандатен платен налог; во рубриката 5 „ Презиме, име, датум на раѓање, живеалиште односно престојувалиште и единствен матичен број на лицето на кое му е издаден мандатниот платен налог“ се запишува презимето и името, денот, месецот и годината на раѓање, живеалиштето или престојувалиштето и единствениот матичен број на лицето на кое му е издаден мандатниот платен налог; во рубриката 6 „Место на сторување на прекршокот“ се запишува местото каде што е сторен сообраќајниот прекршок; во рубриката 7 „Член, став и алинеја од закон во кој е предвиден прекршокот“ се запишува членот, ставот и алинејата од законот во кој е предвиден прекршокот; во рубриката 8 „Прифаќа негативни бодови (да/не)/Број од записник“ се запишува дали лицето прифаќа или не прифаќа да му бидат запишани негативни бодови со да/не и бројот од записникот; во рубриката 9 „Прифаќа да се јави на сообраќајна поука (да/не)/Број на мандатен платен налог и датум на спроведена поука“ се запишува дали лицето прифаќа да се јави на сообраќајната поука со да/не, бројот на мандатниот платен налог и денот,

месецот и годината кога е реализирана сообраќајната поука; во рубриката 10 „ Мандатниот платен налог е наплатен (да/не), датум ако е наплатен или број на барање ако не е наплатен“ се запишува дали мандатниот платен налог е платен со да/не, ако е наплатен се запишува датумот кога е наплатен, а ако не е наплатен се запишува бројот на барањето за поведување на прекршочна постапка и во рубриката 11 „Забелешка“ се запишуваат другите податоци кои се важни за доставувањето на мандатниот платен налог, податоци за лицето на кое му се доставува мандатниот платен налог, податоци за полицискиот службеник и слично, кои не можат да се запишат во другите рубрики.“

Член 4

Во членот 36 ставот (1) се менува и гласи:

„(1) Во евиденцијата на издадени прекршочни платни налози за сторен сообраќаен прекршок содржани се податоците од ставот (5) на овој член.

Ставот (5) се менува и гласи:

„(5) Во образецот од ставот (4) на овој член, се запишуваат следниве податоци: во рубриката 1 „Реден број“ се запишува редниот број на уписот; во рубриката 2 „Датум на издавање на прекршочниот платен налог“ се запишува денот, месецот, годината и часот на издавањето на прекршочниот платен налог; во рубриката 3 „Презиме и име и организациската единица на полицискиот службеник кој го издал прекршочниот платен налог“ се запишува презимето и името на полицискиот службеник кој го издал прекршочниот платен налог и називот на организациската единица во која е вработен полицискиот службеник; во рубриката 4 „Сериски број на издадениот прекршочен платен налог“ се запишува серискиот број на издадениот прекршочен платен налог; во рубриката 5 „Презиме и име, датум на раѓање, живеалиште односно престојувалиште и единствен матичен број на лицето на кое му е издаден прекршочен платен налог ако е физичко лице или назив и седиште за правно лице“ се запишува презимето и името, денот, месецот и годината на раѓање, живеалиштето или престојувалиштето и единствениот матичен број за физичкото лице или називот и седиштето за правното лице; во рубриката 6 „Место на сторување на прекршокот“ се запишува местото каде е сторен сообраќајниот прекршок; во рубриката 7 „Член, став и алинеја од закон во кој е предвиден прекршокот“ се запишува членот, ставот и алинејата од законот во кој е предвиден прекршокот; во рубриката 8 „Прекршочниот платен налог е наплатен (да/не), датум ако е наплатен или број на барање ако не е наплатен“ се запишува дали прекршочниот платен налог е наплатен со да/не, ако е наплатен се запишува датумот кога е наплатен, а ако не е наплатен се запишува бројот на барањето за поведување на прекршочна постапка и во рубриката 9 „Забелешка“ се запишуваат другите податоци кои се важни за доставувањето на прекршочниот платен налог, податоци за лицето на кое му се доставува прекршочниот платен налог, податоци за полицискиот службеник и слично, кои не можат да се запишат во другите рубрики од образецот.“

Член 5

По членот 85 се додаваат три нови членови 85-а, 85-б и 85-в, кои гласат:

„Член 85-а

Евиденцијата за привремено одземени и пронајдени електронски уреди може да се води како:

- евиденција за привремено одземени и пронајдени електронски уреди и
- евиденција за анализи и вештачења на електронски уреди.

Член 85-б

(1) Во евиденцијата на привремено одземени и пронајдени електронски уреди, содржани се податоците од ставовите (7) и (8) на овој член.

(2) Евиденцијата од ставот (1) на овој член се води електронски и хартиено.

(3) Електронскиот начин на водење на евиденцијата од ставот (2) на овој член се врши преку систем за автоматска обработка на податоците.

(4) Евиденцијата од ставот (1) на овој член се води хартиено во укоричена книга со страници со растечка големина, која започнува со реден број еден на почетокот на календарската година и завршува со редниот број од последно евидентираниот настан во календарската година.

(5) Димензиите на укоричената книга од ставот (4) на овој член се 420 милиметри на 297 милиметри (А3 формат).

(6) Укоричената книга од ставот (4) на овој член се води според Образец број 74 и содржи вкупно 13 рубрики.

(7) Во првиот дел од образецот од ставот (6) на овој член, се запишуваат следниве податоци: во рубриката 1 „Реден број/Деловоден број“ се запишува редниот број на уписот и деловодниот број; во рубриката 2 „Датум и час кога е одземен/пронајден електронскиот уред“ се запишува денот, месецот, годината и часот кога е одземен/пронајден електронскиот уред; во рубриката 3 „Евиденциски број на образец со кој е одземен односно примен пронајдениот електронски уред“ се запишува евиденцискиот број со ден, месец и година на изготвениот образец со кој е одземен електронскиот уред односно со кој е примен пронајдениот електронски уред; во рубриката 4 „Презиме и име, единствен матичен број и адреса на живеалиште или престојувалиште на лицето од кое е одземен / пронајден електронскиот уред ако е физичко лице, односно назив и седиште на правното лице ако е одземен од правно лице“ се запишува презимето и името, денот, месецот, годината и местото на раѓање, единствениот матичен број и адресата на живеалиштето или престојувалиштето на лицето од кое е привремено одземен/пронајден електронскиот уред ако е физичко лице, односно називот и седиштето, матичниот број на субјектот и шифрата на дејноста на правното лице ако електронскиот уред е одземен од правно лице; во рубриката 5 „Вид на одземениот/пронајдениот електронски уред, краток опис со идентификациони обележја на истиот и приближна материјална вредност изразена во денари“ се запишува видот на одземениот/пронајдениот електронски уред (десктоп, лап топ, мобилен телефон, таблет, УСБ, сим или мемориска картичка и друго) со краток опис на идентификационите обележја (марка, модел, сериски број, капацитет, ознака, боја) на привремено одземениот/пронајдениот електронски уред и во рубриката 6 „Причина за одземање на електронскиот уред“ се запишува законскиот основ или причините за одземањето на електронскиот уред или бројот на наредбата од надлежниот јавен обвинител (предмет на кривично делоили имотна корист прибавена со кривично дело ако може да послужи како доказ во постапката).

(8) Во вториот дел од образецот од ставот (6) на овој член, се запишуваат следниве податоци: во рубриката 7 „Презиме и име и организациска единица на полицискиот службеник кој го одзел електронскиот уред“ се запишува презимето и името на полицискиот службеник кој привремено го одзел електронскиот уред и називот на организациската единица во која е вработен полицискиот службеник кој привремено го одзел електронскиот уред; во рубриката 8 „Датум и час, презиме и име и организациска единица на полицискиот службеник на кој му е предаден на чување и место каде се чува електронскиот уред“ се запишува датумот и часот кога е предаден електронскиот уред на чување, презимето и името на полицискиот службеник и називот на организациската единица на полицискиот службеник на кој му е предаден на чување привремено

одземениот/пронајдениот електронскиот уред и местото каде што се чува истиот; во рубриката 9 „Состојба на одземениот/пронајдениот електронски уред“ се запишува состојбата во која бил уредот при неговото одземање/пронаоѓање (вклучен, исклучен, оштетен и сл); во рубриката 10 „Датум и час на враќање на одземениот/пронајдениот електронски уред“ се запишува денот, месецот, годината и часот на враќање на привремено одземениот/пронајдениот електронски уред; во рубриката 11 „Презиме и име, единствен матичен број и адреса на живеалиште или престојувалиште на лицето на кое му е вратен одземениот/пронајдениот електронски уред ако е физичко лице, односно назив и седиште на правното лице ако е вратен на правно лице“ се запишува презимето и името, денот, месецот, годината и местото на раѓање, единствен матичен број и адреса на живеалиштето или престојувалиштето на лицето на кое е вратен привремено одземениот/пронајдениот електронски уред ако е физичко лице, односно називот и седиштето, единствениот матичен број на субјектот и шифрата на дејноста на правното лице ако електронскиот уред е вратен на правно лице; во рубриката 12 „Причини за враќање на електронскиот уред/Во прилог на“ се запишуваат причините за враќање на електронскиот уред (не е предмет на кривично дело или имотна корист прибавена со кривично дело, не може да послужи како доказ во постапката и друго) или дали привремено одземениот електронски уред е во прилог на кривична пријава, посебен извештај, известување од извршено вештачење и во рубриката 13 „Забелешка“ се запишуваат други податоци во врска со привремено одземениот/пронајдениот електронски уред и преземените мерки, кои не можат да се запишат во другите рубрики на образецот.

Член 85-в

(1) Во евиденцијата за анализи и вештачења на електронски уреди содржани се податоците од ставовите (7 ) и (8) на овој член.

(2) Евиденцијата од ставот (1) на овој член се води електронски и хартиено.

(3) Електронскиот начин на водење на евиденцијата од ставот (1) на овој член се врши преку систем за автоматска обработка на податоците.

(4) Евиденцијата од ставот (1) на овој член се води хартиено во укоричена книга со страници со растечка големина, која започнува со реден број еден на почетокот на календарската година и завршува со редниот број од последно евидентираниот настан во календарската година.

(5) Димензиите на укоричената книга од ставот (4) на овој член се 420 милиметри на 297 милиметри (А3 формат).

(6) Укоричената книга од ставот (4) на овој член се води според Образец број 75 и содржи вкупно 16 рубрики.

(7) Првиот дел од образецот од ставот (6) на овој член, ги содржи следниве податоци: во рубриката 1 „Реден број на записот/ деловоден број“ се запишува редниот број на записот и деловодниот број; во рубриката 2 „Број на вештачење“ се запишува бројот кој го добива предметот во организациската единица за дигитална форензика; во рубриката 3 „Податоци за одземениот/доставениот предметен материјал (вид, количина и опис)“ се запишуваат податоци за одземениот односно доставениот предметен материјал и тоа: вид, количина и опис на одземените односно доставените електронски уреди – десктоп, лаптоп, хард диск, таблет, УСБ, мобилен телефон, СИМ картичка, мемориска картичка, принтер/скенер, ДВР и друго; во рубриката 4 „Доставено од и број на актот со кој е доставен електронскиот уред за вештачење“ се запишува називот на организациската единица во Министерството за внатрешни работи или друг државен орган или институција која го доставува електронскиот уред и број на актот со кој се доставува оформениот предмет за работа; во рубриката 5 „Место, датум и време кога е примен

електронскиот уред" се запишува местото, денот, месецот, годината и часот на прием на електронскиот уред во организациската единица за дигитална форензика; во рубриката 6 „Број и датум на издавање на наредбата за вештачење, надлежен орган кој ја издал и рок за постапување по наредбата" се запишува бројот, денот, месецот и годината на издавање на наредбата за вештачење, називот на надлежниот орган кој ја издал наредбата и рокот за постапување по наредбата; во рубриката 7 „ Презиме и име, единствен матичен број и адреса на живеалиште или престојувалиште на лицето од кое е одземен електронскиот уред ако е физичко лице, односно назив и седиште на правното лице ако е правно лице" се запишуваат податоци за сопственикот или корисникот на електронскиот уред доколку се наведени во барањето/наредбата (презимето и името, денот, месецот, годината и местото на раѓање, единствениот матичен број и адресата на живеалиштето односно престојувалиштето на лицето од кое е привремено одземен електронскиот уред ако е физичко лице, односно називот и седиштето на правното лице ако електронскиот уред е одземен од правно лице);

(8) Во вториот дел од образецот од став (6) на овој член, од рубрика 8 до рубрика 15 се запишуваат податоци за приемот и постапката со електронскиот уред во просториите на организациската единица за дигитална форензика. Во рубриката 8 „Презиме и име на овластеното службено лице кое го примило електронскиот уред " се запишува презимето и името на овластеното службено лице кое го примило електроснкиот уред; во рубриката 9 „Датум и час на прием на електронскиот уред " се запишува денот, месецот, годината и часот на прием на електронскиот уред; во рубриката 10 „Презиме и име, организациска единица на овластеното службено лице кое го доставува електронскиот уред " се запишува презимето и името и организациската единица на овластеното службено лице кое го доставува електронскиот уред во просториите на организациската единица за дигитална форензика; во рубриката 11 „Место на чување" се запишува местото на чување на електронскиот уред; во рубриката 12 „ Презиме и име на овластеното службено лице задолжено за работа" се запишува презимето и името на овластеното службено лице задолжено за работа со предметот; во рубриката 13 „Датум и час кога е почнат предметот со работа" се запишува денот, месецот, годината и часот кога е почнато со постапување по оформениот предмет за работа; во рубриката 14 „Датум и час кога е завршено вештачењето и број на излезен акт" се запишува денот, месецот, годината и часот кога е завршено вештачењето по предметот, како и број на излезен акт; во рубриката 15 „Место, датум и час, презиме и име и организациска единица на овластено службено лице, односно надлежен орган на кого е предаден предметот и електронскиот уред по завршување на вештачењето " се запишува местото, денот, месецот, годината и часот кога електронскиот уред е предаден на надлежната организациска единица во Министерството за внатрешни работи, презимето, името и организациската единица на овластеното службено лице на кого е предаден предметот, односно електронскиот уред по завршување на вештачењето или друг државен орган или институција (суд, јавно обвинителство и сл) и во рубриката 16 „Забелешка" се запишуваат други податоци во врска со доставениот предметен материјал и преземените мерки, кои не можат да се запишат во другите рубрики на образецот (податоци кога предметот е повлечен со наредба од суд или јавен обвинител, запрена постапка и сл)."

Член 6

Во членот 87 бројот „73" се заменува со бројот „75".

Член 7

Обрасците бр. 30, бр. 31 и бр. 44 се заменуваат со три нови обрасци, Образец бр. 30, Образец бр. 31 и Образец бр.44, кои се дадени во прилог и се составен дел на овој правилник.

По Образецот бр. 73 се додаваат два нови обрасци, Образец бр. 74 и Образец бр. 75, кои се дадени во прилог и се составен дел на овој правилник.

Член 8

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 13.1.1-48595/1
19 јуни 2019 година
Скопје

Министер
за внатрешни работи,
**Оливер Спасовски,** с.р.

Образец бр. 30

## Евиденција на издадени мандатни платни налози за сторен сообраќаен прекршок

| Реден број | Датум на издавање на мандатниот платен налог | Презиме и име и организациона единица на полицискиот службеник кој го издал мандатниот платен налог | Сериски број на издаден мандатен платен налог | Презиме и име, датум на раѓање, живеалиште, односно престојувалиште и единствен матичен број на лицето на кое му е издаден мандатниот платен налог | Место на сторување на прекршокот | Член, став и алинеја од закон во кој е предвиден прекршокот | Прифаќа негативни бодови (да/не)/ Број од записник | Прифаќа да се јави на сообраќајна поука (да/не)/ Број на мандатен платен налог и датум на спроведена поука | Мандатниот платен налог е е наплатен (да/не), датум ако е наплатен или број на барање ако не е наплатен | Забе-лешка |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 | 10 | 11 |
| | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | |

Образец број 31

## Евиденција на издадени прекршочни платни налози за сторен сообраќаен прекршок

| Реден број | Датум на издавање на прекршочен платен налог | Презиме и име и организациона единица на полицискиот службеник кој го издал прекршочниот платен налог | Сериски број на издадениот прекршочен платен налог | Презиме и име, датум на раѓање, живеалиште, односно престојувалиште и единствен матичен број на лицето на кое му е издаден прекршочен платен налог ако е физичко лице или назив и седиште за правно лице | Место на сторување на прекршокот | Член, став и алинеја од закон во кој е предвиден прекршокот | Прекршочниот платен налог е наплатен (да/не), датум ако е наплатен или број на барање ако не е наплатен | Забелешка |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 |
| | | | | | | | | |
| | | | | | | | | |
| | | | | | | | | |
| | | | | | | | | |
| | | | | | | | | |

Образец бр. 44

## Евиденција на лица на кои им е забранет влез во Република Северна Македонија

| Реден број | Презиме и име на странецот на кој му е забранет влез | Ден, месец, година, место и држава на раѓање на странецот | Број, вид, датум, место на издавање и рок на важење на патната исправа | Причина за забрана за влез во Република Северна Македонија | Време на траење на забраната (од-до) | Забелешка |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 |
| | | | | | | |
| | | | | | | |
| | | | | | | |
| | | | | | | |
| | | | | | | |
| | | | | | | |
| | | | | | | |
| | | | | | | |
| | | | | | | |
| | | | | | | |

Евиденција на привремено одземени и пронајдени електронски уреди

Прв дел од Образец број 74

| Реден Број<br>Деловоден број | Датум и час кога е одземен/пронајден електронскиот уред | Евиденциски број на образец со кој е одземен /односно примен пронајдениот електронски уред | Презиме и име, единствен матичен број и адреса на живеалиште или престојувалиште на лицето од кое е одземен/пронајден електронскиот уред ако е физичко лице, односно назив и седиште на правното лице ако е одземен од правно лице | Вид на одземениот / пронајдениот електронски уред, краток опис со идентификациони обележја на истиот и приближна материјална вредност изразена во денари | Причина за одземање на електронскиот уред |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
| | | | | | |

Евиденција на привремено одземени и пронајдени електронски уреди

Втор дел од Образец број 74

| Презиме и име и организациска единица на полицискиот службеник кој го одзел електронскиот уред | Датум и час, презиме и име и организациска единица на полицискиот службеник на кој му е предаден на чување и место каде се чува електронскиот уред | Состојба на одземениот /пронајдениот електронски уред | Датум и час на враќање на одземениот / пронајдениот електронски уред | Презиме и име, единствен матичен број и адреса на живеалиште или престојувалиште на лицето на кое му е вратен одземениот/пронајдениот електронски уред ако е физичко лице, односно назив и седиште на правното лице ако е вратен на правно лице | Причини за враќање на електронскиот уред | Забелешка |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | Во прилог на | |
| 7 | 8 | 9 | 10 | 11 | 12 | 13 |
| | | | | | | |

Евиденцијата за анализи и вештачења на електронски уреди

Прв дел од Образец број 75

| ен бројДеловодзаписот /број наРеден | Број на вештачење | ПОДАТОЦИ ЗА ОДЗЕМЕНИОТ / ДОСТАВЕНИОТ ПРЕДМЕТЕН МАТЕРИЈАЛ (ВИД, КОЛИЧИНА И ОПИС) | | | | | | | | | | | Доставено од и број на актот со кој е доставен електронскиот уред за вештачење | Место, датум и време кога е примен електронскиот уред | Број и датум на издавање на наредбата наредбата за вештачење , надлежен орган кој ја издал и рок за постапување по | Презиме и име, единствен матичен број и адреса на живеалиште или престојувалиште на лицето од кое е одземен ел. уред ако е физичко лице, односно назив и седиште на правното лице ако е правно лице |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Десктоп | Лаптоп | Хард диск | Таблет | УСБ | Мобилен телефон | СИМ картичка | Мемориска картичка | Принтер/скенер | ДВР | Друго | | | | |
| 1 | 2 | 3 | | | | | | | | | | | 4 | 5 | 6 | 7 |
| | | | | | | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | | | | | | |

**Евиденцијата за анализи и вештачења на електронски уреди** **Втор дел од Образец број 75**

| ПРИЕМ И ПОСТАПКА СО ЕЛЕКТРОНСКИОТ УРЕД ВО ПРОСТОРИИТЕ НА ОРГАНИЗАЦИСКАТА ЕДИНИЦА ЗА ДИГИТАЛНА ФОРЕНЗИКА | | | | | | | Место, датум и час, презиме и име и организациската единица на овластено службено лице, односно надлежен орган на кого е предаден предметот и електронскиот уред по завршување на вештачењето | ЗАБЕЛЕШКА |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| лице кое го примило Презиме и име на електронскиот уред овластено службено | Датум и час на прием на електронскиот уред | електронскиот уред кое го доставува Презиме и име и организациска единица на овластено службено лице | Место на чување | Презиме и име наовластено службено лице задолжено за работа | Датум и час кога е почнат предметот со работа | Датум и час кога е завршено вештачењето и број на излезен акт | | |
| 8 | 9 | 10 | 11 | 12 | 13 | 14 | 15 | 16 |
| | | | | | | | | |